**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за јавни дејности**

ПРЕТСТАВНИК: **Секретар на Град Скопје**

ПОВЕРЕНИК: **Раководител на Сектор за јавни дејности**

# ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА
**за активностите во областа на спортот и младите во град Скопје,**
**за 2024 година**

Скопје, јануари 2024 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 10 став 1 точка 7 од Законот за градот Скопје (“Службен Весник на Република Македонија бр.55/04 и бр.158/11), Советот на Град Скопје на _______седница, одржана на __.__.2024 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за активностите во областа на спортот и младите во град Скопје,**
**за 2024 година**

I. ВОВЕД

Според Законот за градот Скопје, член 10, во делот на надлежностите на Град Скопје, под точка 7, предвидено е:
Обезбедување услови за развој на квалитетен спорт во градот Скопје;
Организирање, поттикнување и помагање спортски манифестации и приредби од значење за градот Скопје и
Изградба и одржување на спортски објекти од значење за градот Скопје.

Оваа Програма, исто така е изработена согласно Законот за локалната самоуправа, Законот за младинско учество и младински политики и Законот за еднакви можности на жените и мажите, како и почитување на принципите на родовата еднаквост.

Спортот во градот Скопје има традиција, остварени вредности, изградени објекти, традиционални спортски манифестации, стручни кадри и секако граѓани кои го сакаат и го почитуваат спортот.

Оваа Програма ќе се спроведува во текот на 2024 година.

II. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Програмата ги дефинира целите на спортската и младинската политика на Град Скопје, што треба да ги исполнат носителите на спортските активности и активностите на младите во градот Скопје. Исто така, ги дефинира и активностите од областа на спортот и младите на Град Скопје за 2024 година, и ја утврдува висината на средствата за нивно финансирање од Буџетот на Град Скопје, каде е предвидено и подеднакво финансирање на спортски и младински активности на мажите и жените, момчињата и девојчињата.
2. Правилниците со критериумите за начинот на финансирање на проектите, програмите, програмските активности и манифестациите од интерес за Град Скопје за 2024 година, кои ќе бидат усвоени од Советот на Град Скопје, ќе ги спроведат Комисии за спроведување на постапки за доделување на финансиски средства, формирани од Градоначалникот на Град Скопје.
3. Програмата ќе опфати квалитетни и разновидни спортски содржини и содржини за млади. Град Скопје по усвојувањето на Програмата истата ќе ја спроведе преку: јавен повик за доделување на финансиски средства за спроведување проекти, програми, програмски активности и манифестации во областа на спортот од интерес за Град Скопје за 2024 година, јавен повик за доделување на финансиски средства за спроведување проекти, програми и програмски активности на младите од интерес за Град Скопје за 2024 година, јавен повик за доделување на финансиски средства (стипендии) во 2024 година на спортисти – средношколци на подрачјето на градот Скопје, жители на Скопје, јавна набавка на спортска опрема и реквизити за лица со попреченост, како и во договор со институции чиј основач е Град Скопје.

III. ЦЕЛИ

За континуирана поддршка за промоција, развој и унапредување на спортот во градот Скопје, како и за подобрување и унапредување на положбата на младите во градот Скопје, Град Скопје ќе се базира на реализација и остварување на следните цели:

- Афирмирање на Градот Скопје како развиен спортски центар со европски карактеристики што соодветствуваат на неговиот статус на главен град, со одржување на манифестации од особен интерес за Град Скопје и негување на традиционалните спортски манифестации кои биле, станале и ќе бидат обележје на градот Скопје.
- Зголемување на опфатот на млади граѓани со спорт и спортско рекреативни активности преку развој на средноучилишниот спорт, подеднакво за момчиња и девојчиња, обезбедувајќи организациска поставеност, средноучилишен градски систем на натпревари и поддршка на спортските активности на ученичките и учениците од средните училишта во градот Скопје;
- Поддршка на активности и манифестации за масовен и рекреативен спорт во градот Скопје, со што би се подобрил здравствениот статус на граѓаните на Скопје, како и поддршка на иницијативи за поттикнување активности за што поголема масовност кај Скопјани и нивно вклучување и анимирање во спортско-рекреативни активности;
- Создавање услови за настапи во земјата и во странство, на наши истакнати спортистки и спортисти, и настапи на млади спортски надежи, и гостување во градот Скопје на спортистки и спортисти со постигнати врвни резултати во меѓународна конкуренција;
- Развој и поддршка на проектите, програмите, програмските активности и манифестациите за спорт и рекреација на лицата со попреченост на подрачјето на град Скопје;
- Поттикнување на мотивираноста за зголемување на опфатот на што повеќе ученици да се занимаваат со спорт и спортски активности, преку доделување финансиски средства (стипендии) на избрани спортисти – средношколци на подрачјето на град Скопје;
- Поддршка на проекти, програми, програмски активности и манифестации за младите на подрачјето на град Скопје, за подобрување и унапредување на нивната положба во општеството;
- Развој и поддршка на спортски дисциплини кои не се присутни во градот, како што се т.н урбани и екстремни спортови, а се поприсутни во главните градови и големите урбани центри во светот.

IV. ПРЕДМЕТ И АКТИВНОСТИ НА ПРОГРАМАТА

Активностите во областа на спортот и младите, Град Скопје ќе ги насочи кон поттикнување, поддржување и помагање во остварувањето на целите на оваа Програма.

Во таа насока ќе се спроведуваат активностите за:

1. ПОДДРШКА НА ПРОЕКТИ, ПРОГРАМИ, ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ И МАНИФЕСТАЦИИ НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ, СПОРТСКИ ЗДРУЖЕНИЈА И ОРГАНИЗАЦИИ КОИ ДЕЈСТВУВААТ ВО ОБЛАСТА НА СПОРТОТ ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ

Поддршка на традиционални спортски приредби и манифестации од локален, регионален, национален и меѓународен карактер, активности кои се од особен интерес за Градот Скопје во ракомет, одбојка, фудбал, кошарка, баскет, шах, табла, атлетика, велосипедизам, стрелаштво, борење, пливање, куглање и останати спортови, како и поддршка на проектите, програмите, програмските активности и манифестации на субјектите што организираат спортско-рекреативни активности кај лицата со попреченост.

Поддршка на програми и активности за развој на училишниот спорт на средните училишта во градот Скопје, преку лига систем и турнирски систем натпревари во сите

колективни и индивидуални спортови во машка и женска конкуренција во регионалниот и националниот систем на натпревари на училишниот спорт во државата.
Поддршка на масовниот и рекреативниот спорт чија основна цел е подобрување на здравствениот статус на граѓаните на Скопје, поддржувајќи иницијативи и активности во поттикнување што поголема масовност кај Скопјани и нивно вклучување и анимирање во спортско-рекреативни активности како што се: планинарски тури, пешачење и рекреативно трчање, возење велосипед и други, како и поддршка на иницијативи и активности за одвивање и развој на спортски дисциплини кои не се присутни во градот, а имаат значајно место на врвните меѓународни спортски манифестации во главните градови и големите урбани центри во светот, како и следење на современите текови во спортот, каде се поприсутни и поголем замав земаат т.н урбани и екстремни спортови.

Предвидени средства: 5.150.000 денари, Л Програма - спорт и рекреација, потпрограма Л0, потставка 463120
Време на реализација: јануари – декември 2024 година

2. ПОДДРШКА НА ПРОЕКТИ, ПРОГРАМИ, ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ И МАНИФЕСТАЦИИ ВО ОБЛАСТА НА МЛАДИТЕ ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ
Поддршка на проекти, програми, програмски активности и манифестации во организација на младински здруженија и организации кои ќе преземат одговорност во интерес на младите на подрачјето на градот Скопје, со цел активирање на младите и унапредување на нивната положба во општеството, при што се има предвид воспоставување на родовата рамноправност.
Поддршка на активностите на Локалниот младински совет на Град Скопје за креирање и следење на локалната програма.
Доделување финансиски средства (стипендии) на избрани спортисти – средношколци, кои учат во средните училишта на подрачјето на град Скопје и постигнале високи спортски резултати во екипни и индивидуални спортови.

Предвидени средства: 3.300.000 денари, Л Програма - спорт и рекреација, потпрограма Л0, потставка 464990
Време на реализација: јануари – декември 2024 година

3. ПОДДРШКА НА ПРОЕКТИ, ПРОГРАМИ И ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ НА ТАЛЕНТИРАНИ МЛАДИ ПОЕДИНЦИ КОИ СЕ АКТИВНИ ВО РАЗЛИЧНИ ОБЛАСТИ ОД МЛАДИНСКОТО ЖИВЕЕЊЕ ВО СКОПЈЕ
Поддршка за развој на младински иницијативи преку проекти, програми и програмски активности на талентирани млади поединци, кои со своите предлози и идеи од различни области на секојдневието, ќе влијаат во подобрување и унапредување на положбата на младите во општеството.

Предвидени средства: 700.000 денари Л Програма - спорт и рекреација, потпрограма Л0, потставка 425990
Време на реализација: јануари – декември 2024 година

4. НАБАВКА НА СПОРТСКА ОПРЕМА И РЕКВИЗИТИ ЗА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ
Со цел подобрување на здравствениот статус и психофизичкиот развој на лицата со попреченост и испраќање на јасна порака дека Град Скопје се грижи за нивното здравје и нивната социјализација, ќе се спроведе јавна набавка за современа спортска опрема и реквизити за спортско-рекреативни активности кај лицата со оштетен вид, лицата со оштетен слух, лицата со телесен инвалидитет и лицата со интелектуална попреченост. Спортската опрема и реквизитите за вежбање ќе бидат поставени во

внатрешен простор во некое од средни училишта на Град Скопје, каде што ќе има пристапност за лицата со попреченост.
Предвидени средства: 200.000 денари, Л Програма - спорт и рекреација, потпрограма Л0, потставка 423990 и 1.610.000 денари, Л Програма - спорт и рекреација, потпрограма ЛА, потставка 480190
Време на реализација: јануари – декември 2024 година

V. ФИНАНСИРАЊЕ - РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА

Средствата за реализирање на Програмата за активностите во областа на спортот и младите во град Скопје за 2024 година, во вкупен износ од **10.960.000** денари се обезбедуваат од Буџетот на Град Скопје за 2024 година и тоа од Л Програма - спорт и рекреација, потпрограма Л0, потставка 463120, потставка 464990, потставка 425990, потставка 423990 и потпрограма ЛА, потставка 480190.

VI. ИЗВРШИТЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Градоначалникот на Град Скопје се грижи и го обезбедува спроведувањето на оваа Програма преку Секторот за јавни дејности.

VII. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Оваа ПРОГРАМА влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Град Скопје“.

Број ___________
__.__. 2024 година
С к о п ј е

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
**Трајко Славески**
_______________

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Согласно член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) и Законот за градот Скопје ("Службен Весник на Република Македонија бр.55/04 и бр.158/11) утврдена е надлежноста на Советот.

Согласно член 10 став 1 точка 7 од Законот за градот Скопје, една од надлежностите на Град Скопје е спортот.

Градот Скопје донесува годишни програми за потребите на граѓаните од областа на спортот и младите, во која се предвидуваат активности и средства за реализација на истите.

Град Скопје активностите во областа на спортот и младите ќе ги насочи кон поттикнување, поддржување и помагање во остварувањето на целите на оваа Програма:

1. ПОДДРШКА НА ПРОЕКТИ, ПРОГРАМИ, ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ И МАНИФЕСТАЦИИ НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ, СПОРТСКИ ЗДРУЖЕНИЈА И ОРГАНИЗАЦИИ КОИ ДЕЈСТВУВААТ ВО ОБЛАСТА НА СПОРТОТ ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ

Градот Скопје ќе ги финансира традиционалните спортски приредби и манифестации од локален, регионален, национален и меѓународен карактер, со цел зачувување на контиунитетот на вакви манифестации за што има интерес од граѓаните и што се во интерес на развојот на спортот во градот Скопје, со средства од Буџетот на Град Скопје, распоредени на организаторот (национална спортска федерација, или членка на национална спортска федерација). Самото име традиционални спортски манифестации укажува дека Градот Скопје ќе финансира манифестации кои имаат традиција минимум пет години, и оставиле значаен белег во развојот на спортот во градот Скопје.

Во областа на манифестации од особен интерес, Град Скопје ќе ги финансира програмите, проектите и активностите на сите заинтересирани спортски субјекти кои ќе доставаат програми и проекти за организирање на манифестации и спортски настани од особен интерес на Град Скопје. Градот Скопје преку поддршка на вакви спортски настани сака да покаже дека е способен да организира и меѓународни манифестации од највисок ранг.

Градот Скопје секогаш ќе поддржува спортски манифестации што во иднина ќе придонесат за популаризација на спортот, ќе бидат родово сензитивни, за достојно репрезентирање на можностите и потенцијалите на Град Скопје за организација на ваков тип на манифестации, како и поддршка на спортско – рекреативни активности кај лицата со попреченост на подрачјето на град Скопје. Град Скопје ќе ги финансира проектите, програмите, програмските активностите и манифестациите на субјектите што организираат спортско-рекреативни активности кај лицата со попреченост, како што се: шах, игра голбал, шоудаун, стрелаштво, пинг-понг, кошарка, одбојка, атлетика, куглање и други.

Градот Скопје ќе ги финансира програмите, проектите и активностите за реализирање посебни програми во создавање услови за спроведување спортски активности на спортистите-аматери, на учениците и на младината, со посебен акцент на реализирање на спортски активности и натпревари на учениците од средните училишта на подрачјето на градот Скопје.

Град Скопје особено внимание ќе посветува на масовниот и рекреативниот спорт чија основна цел е подобрување на здравствениот статус на граѓаните на Скопје, поддржувајќи иницијативи и активности во поттикнување на што поголема масовност кај Скопјани и нивно вклучување и анимирање во спортско-рекреативни активности како што се: планинарски тури, пешачење и рекреативно трчање, возење велосипед и други.

Град Скопје ќе поддржува  иницијативи и активностите за одвивање и развој на спортски дисциплини кои не се присутни во градот, а имаат значајно место на врвните меѓународни манифестации како и во спортскиот живот на главните градови и големите урбани центри во светот, и ќе ги следи современите текови во спортот, каде се поприсутни и поголем замав земаат т.н урбани и екстремни спортови кои денес веќе се многу популарни во поголемите европски и светски метрополи.

2. ПОДДРШКА НА ПРОЕКТИ, ПРОГРАМИ, ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ И МАНИФЕСТАЦИИ ВО ОБЛАСТА НА МЛАДИТЕ ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ

Поддршка на програми, проекти и активности со цел активирање на младите и унапредување на нивната положба во општеството, при што се има предвид воспоставување на родовата рамноправност. Поддршката за развој на младинските иницијативи преку конкретни програми, проекти и активности за млади ќе се утврдува на начин со распределување на средства по пат на посебен јавен повик за доделување средства на младински здруженија и организации кои ќе преземат одговорност за спроведување на одредени програми, проекти и активности во интерес на младите на подрачјето на градот Скопје.

Градот Скопје согласно член 18 од Законот за младинско учество и младински политики (“Службен весник на Република Северна Македонија бр.10/20) и член 48-к од Статутот на Град Скопје (“Службен гласник на Град Скопје“ бр.16/05, 8/10, 17/11, 18/13, 13/14, 1/15, 12/15, 4/19, 9/21 и 4/22), формираше Собрание на млади на Град Скопје кое има задача да формира Локален младински совет на Град Скопје. Во 2024 година ќе се спроведат активности за да се изберат 9 членови за во Локалниот младински совет на Град Скопје, кои ќе имаат мандат од две години. Активностите на Локалниот младински совет на Град Скопје ќе бидат насочени кон креирање и следење на локалната програма за работа на младите, соработка со другите советодавни тела на Република Северна Македонија и странство, консултирање со организации на младите за теми значајни за младите, како и соработка со телата во Градот Скопје во креирање и реализација на политиката кон младите.

Град Скопје со цел да ја зголеми мотивираноста кај младите спортисти – средношколци, како и поддршката во развој и унапредување на младинскиот и средноучилишниот спорт, ќе стипендира спортисти – средношколци кои се жители на Скопје и учат во средните училишта на подрачјето на град Скопје. Врз основа на условите и критериумите утврдени со посебен Правилник за стипендирање што ќе биде донесен пред да се објави јавниот повик, ќе се изберат да се стипендираат спортисти, ученички и ученици во средните училишта на подрачјето на град Скопје.

3. ПОДДРШКА НА ПРОЕКТИ, ПРОГРАМИ И ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ НА ТАЛЕНТИРАНИ МЛАДИ ПОЕДИНЦИ КОИ СЕ АКТИВНИ ВО РАЗЛИЧНИ ОБЛАСТИ ОД МЛАДИНСКОТО ЖИВЕЕЊЕ ВО СКОПЈЕ

Поддршка на програми, проекти и активности на талентирани млади поединци, кои со своите предлози и идеи од различни области на секојдневието, ќе влијаат во подобрување и унапредување на положбата на младите во општеството. Поддршката за развој на младинските иницијативи преку конкретни програми, проекти и активности за млади ќе се утврдува на начин со распределување на средства по пат на посебен јавен повик за доделување средства на поединци кои ќе преземат одговорност за спроведување на одредени програми, проекти и активности во интерес на младите на подрачјето на градот Скопје.

4. ЈАВНА НАБАВКА НА СПОРТСКА ОПРЕМА И РЕКВИЗИТИ ЗА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Со цел подобрување на здравствениот статус и психофизичкиот развој на лицата со попреченост и испраќање на јасна порака дека Град Скопје се грижи за нивното здравје и нивната социјализација, ќе се спроведе набавка за современа спортска опрема и реквизити за спортско-рекреативни активности кај лицата со оштетен вид,

лицата со оштетен слух, лицата со телесен инвалидитет и лицата со интелектуална попреченост. Спортската опрема и реквизитите за вежбање ќе бидат поставени во внатрешен простор во некое од средните училишта на Град Скопје, каде што ќе има пристапност за лицата со попреченост.

Врз основа на погоре наведеното, се предлага на Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Програма за активностите во областа на спортот и младите во град Скопје, за 2024 година.